Врз основа на член 191 од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр.96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19), а во врска со член 195 став (3) од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ бр.16/11, 136/11, 79/13, 164/13, 41/14, 151/14, 33/15, 192/15, 215/15, 6/16, 53/16 и 189/16), и член 23 став (7) од Правилникот за повластени производители коишто користат повластена тарифа („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 116/19 и 93/21) Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија на седницата одржана на 16 септември 2021 година, донесе

**РЕШЕНИЕ ЗА ПРЕСТАНОК НА ВАЖЕЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА СТЕКНУВАЊЕ НА СТАТУС НА ПОВЛАСТЕН ПРОИЗВОДИТЕЛ НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

1. Со ова решение престанува да важи Решението за стекнување на статус на повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија во Република Македонија, бр. 03-666/2 од 20 август 2010 година.

2. Ова решение да се достави до Друштвото за внатрешна и надворешна трговија ПЕТРО М ДОО Илинден, Министерството за економија, Министерството за животна средина и просторно планирање, Агенцијата за енергетика на Република Северна Македонија, операторот на пазарот на електрична енергија и операторот на електродистрибутивниот систем.

3. Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе се објави и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

**О б р а з л о ж е н и е**

Друштвото за внатрешна и надворешна трговија ПЕТРО М ДОО Илинден е носител на Одлука за одобрување на користење на повластена тарифа за купопродажба на електрична енергија произведена во фотоволтаичен систем УП1 бр.08-38 од 27 септември 2010 година донесена од Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 129/10 и 130/10) и Решение за стекнување на статус на повластен производител на електрична енергија од обновливи извори на енергија во Република Македонија бр.03-666/2 од 20 август 2010 година, донесено од страна на Агенцијата за енергетика на Република Македонија за фотонапонската електроцентрала ФЕЦ “ПЕТРО М”.

Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) на 9 септември 2021 година донесе Одлука за одземање на лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 212/21) на Друштвото за внатрешна и надворешна трговија ПЕТРО М ДОО Илинден со која се одзема лиценцата издадена со Одлука за утврдување на содржината на лиценцата за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија од обновливи извори на енергија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 98/10) за фотонапонска електроцентрала ФЕЦ “ПЕТРО М” со евидентен број на лиценца ЕЕ-57.01.1/10.

Регулаторната комисија за енергетика постапувајќи согласно член 23 став (2) Правилникот за повластени производители коишто користат повластена тарифа („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 116/19 и 93/21) на 9 септември 2021 година го

извести Друштвото за внатрешна и надворешна трговија ПЕТРО М ДОО Илинден дека ќе отпочне постапка за одземање на статус на повластен производител.

Со оглед на тоа што по укинувањето на вонредната состојба во Република Северна Македонија сеуште постои пандемија од заразна болест и е прогласена кризна состојба, а во интерес на зачувување на здравјето на странките, Регулаторната комисија за енергетика со Решение бр.02-1711/2 од 16 септември 2021 година, одлучи да се одржи седница за донесување на оваа одлука без одржување на подготвителна седница.

Имајќи го на предвид горенаведеното, а врз основа на член 23 став (7) од Правилникот за повластени производители коишто користат повластена тарифа („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 116/19 и 93/21), Регулаторната комисија за енергетика донесе Решение за престанок на Решението за стекнување на статус на повластен производител на електрична енергија од обновливи извори на енергија во Република Македонија.

Согласно горенаведеното, Регулаторната комисија за енергетика одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на приемот.

**УП1 бр. 08-175/21**
**16 септември 2021 година**
**Скопје**

**Заменик Претседател на Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија**

**Enver Elmazi**